# Соопштение за запишување на примените кандидати на трет циклус студии по Конкурсот во учебната 2024/2025 година-втор уписен рок

Почитувани,

Запишувањето на студентите на трет циклус- докторски студии по Конкурсот за запишување студенти на трет циклус - докторски студии на студиските програми на УКИМ во академската 2024/25 година, на вториот уписен рок, ќе се реализира од **13.1.2025 до 20.1.2025 година од 8:30 до 14:30 часот во Одделението за студентски прашања, Канцеларија за втор и трет циклус на студии (пауза од 10.00 до 10.30 часот).**

Ве информираме дека:

- **<u>При запишувањето примените кандидати поднесуваат:</u>**

- Образец за запишување на семестар (ќе го добиете во Канцеларијата за втор и трет циклус на Филозофскиот факултет);
- Статистички прашалник (Образец ВОИ 70А) ( во прилог)

· уплата за административна такса во износ од 50,00 денари;

· индекс (може да се купи во книжарата во состав на Филозофскиот факултет);

· три фотографии (две фотографии со димензии 3,5 x 4,5 и една со димензии 2 x 3);

· Уверение за државјанство

· Извод од матична книга на родените

**Напомена:** Кандидатите кои не се македонски државјани потребно е да ги достават Уверението за државјанство и Изводот од матична книга на родените преведени на македонски јазик од овластен судски преведувач.

- Договор за студирање (ќе го добиете во Канцеларијата за втор и трет циклус на Филозофскиот факултет);

- **При уплаќањето на првата рата, кандидатите треба да уплатат:**

  · 22386,00 денари (364 евра во денарска противвредност) се уплаќаат на ***Универзитетската школа за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на следнава сметка: 160 010 3689 788 18; приходна шифра и програма: 723012 41; банка на примач: Народна банка на Република Северна Македонија*** (во прилог – урнек уплатница во прилог);

  · 49569,00 денари (806 евра во денарска противвредност), прва рата, се уплаќаат на сметка на Филозофскиот факултет и тоа: (во прилог-урнек уплатница)

- од страната на примач – назив на примач: Буџет на РСМ – Филозофски факултет Скопје; банка на примачот: Народна банка на РСМ; сметка на примачот: 100000000063095; сметка на буџетски корисник: 1600104227 788 18; приходна шифра: 723011 и програма: 41;

- од страната на налогодовач задолжително во повикување на број – задолжување да се внесе бројот на студиската програма за:

| | |
|---|---|
| **ПЕДАГОГИЈА** | **723011-02** |
| **СОЦИЈАЛНА РАБОТА И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА** | **723011-08** |
| **БЕЗБЕДНОСТ** | **723011-07** |
| **СОЦИОЛОГИЈА** | **723011-05** |
| **ПСИХОЛОГИЈА** | **723011-06** |
| **ДЕФЕКТОЛОГИЈА** | **723011-11** |

**Во уплатницата во цел на дознака задолжително се внесува името на студиската програма и целта на уплатата.**

- конечна согласност од менторот (**О3-КСМ-Конечна согласност од ментор)**

**Менторот потпишува согласност за прифаќање на обврските утврдени за ментор** со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (урнек од согласност за прифаќање на обврските утврдени за ментор доставуваме во прилог).

- согласност на студентот за електронска комуникација (О27 – СЕК - Образец за согласност на студентот за електронска комуникација);

- пријава за избор на предмети од академска обука (**О5-ПАО-Пријава за избор на предмети за академска обук**а)

**Студентот, во договор со менторот, избира предмети за стекнување генерички знаења и вештини за истражување и предмети за едукација од полето или областа на истражување.** При изборот на предмети, а согласно член 38 од Правилникот (прикачен во прилог), Ве замолуваме да се почитува следново: еден студент на докторски студии кај еден наставаник може да посетува и полага најмногу два предмета, при што наставата за предметите за генерички знаења не се земаат предвид.

Избраните предмети се запишуваат во: образецот за запишување на семестар и во индексот на студентот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,